ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




Штип, 2016

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

**СОДРЖИНА**

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ .................................................. 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА .......................................... 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров ........................................................ 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................. 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова................................................................. 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски ......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ...................................................... 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска .......................................................... 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева .............. 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска .................................................................................................. 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ..................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА

УДК 334.722:338.48 (497.715)

# ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Љупка Атанасова, Вера Митровска**
marija.magdinceva@ugd.edu.mk
ljupka.atanasova@gmail.com
vera_mitrovska@hotmail.com

**Клучни зборови:** туризам, развој, туристичка понуда, Гевгелија.

**Апстракт**
Согледувајќи ги можните потенцијали, расположливи туристички капацитети и самата местоположбата, се констатира дека општина Гевгелија претставува добра основа за развој на туризмот и прераснување во профитабилна деловна дејност со богата туристичка понуда. Во овој труд ќе направиме анализа на веќе постоечките туристички капацитети и истражување на потенцијалните места за прераснување во конкурентен и профитабилен туристички бизнис, преку поврзување на постоечката туристичка понуда и новите содржини. За да се постигне тоа, потребно е да има планиран развој, континуирана обука на сопствениците на капацитетите и обезбедување на поддршка за развојот на туризмот во општината преку партиципација на надлежните институции и општинските капацитети.

## Вовед

Туризмот е еден од најважните индустриски сектори и еден од најкарактеристичните глобални феномени во XXI век. Значењето на туризмот е огромно, бидејќи тој ја храни економијата, го стимулира развојниот процес, апсорбира голема работна сила, го оживува и негува природното и културното наследство, придонесува за национална интеграција на луѓето. Современите трендови на глобализација доведуваат до зголемување на барањата на туристите и нивно насочување кон нови туристички содржини кои сè уште се

недоволно туристички афирмирани. Поради тоа, туристичката понуда треба да содржи интересни и прифатливи содржини со кои би ги мотивирала потенцијалните туристи да остварат одредено туристичко патување.

Општина Гевгелија, поради својата поволната географска положба, близината на граничниот премин кон Република Грција, близината на Кожуф Планина, изворите на термални и минерални води, климатските и вегетациските карактеристики, има одлични предуслови за развој на повеќе видови туризам, а со тоа и да даде комплетна туристичка понуда.

Во овој труд ќе биде прикажана состојбата на туристичката понуда и сегментите кои имаат потенцијал за развој на туризмот. Разгледувајќи и анализирајќи ја сегашната туристичка понуда, ќе бидат прикажани нови идеи и иницијативи за проширување и збогатување на туристичката понуда, преку што ќе се овозможи забрзан развој на туризмот во општина Гевгелија.

## Туристичка понуда поим и карактеристики

Туристичкиот пазар претставува збир на односи на понуда и побарувачка, односно пат на кој со посредство на пари се врши размена на материјални добра и услуги. При тоа, на страната на побарувачката се јавуваат купувачи како носители на разни потреби и слободни парични средства, а на страна на понудата разни видови на продавачи кои обезбедуваат задоволување на потребите на купувачите[70].

Туристичката понуда е противтежа во однос на туристичката побарувачка на полето на туристичкиот пазар. Понудата е таа која треба да се прилагодува кон побарувачката, но сепак, меѓу нив постои обострано влијание и меѓусебна зависност. Побарувачката делува на формирање на понудата, но и понудата во извесна смисла делува на формирање на побарувачката, а со тоа и на потрошувачката. Побарувачката е иницирана со човечки потреби, а постоењето на понудата и куповната сила на побарувачката ја резултираат потрошувачката[71].

---

[70] Д-р Сретен Миладиноски (2006), Економика на туризмот, Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје, Факултет за туризам - Скопје, стр. 178.

[71] Доц. д-р Цане Котески (2011), Истражување на туристичкиот пазар, Универзитет

Туристичката понуда ја прават услугите на стопанските дејности кои го сочинуваат туристичкото стопанство и останати стопански и нестопански дејности кои учествуваат во задоволување на потребите на домашните и странски туристи. Исто така, овде треба да се имаат предвид и други атрактивни фактори во кои се вбројуваат природните и општествените услови.

Туризмот како значајна активност е насочен кон туристичките потреби, а туристичката понуда  се базира на проучување на тие потреби. Ваквиот приод на туристичката понуда е предуслов во креирањето на потребите, желбите и навиките на туристите, а исто така и предуслов за конкурентноста, квалитетот и финансиските ефекти (профит).

Целта на понудата не е само да ги задоволи постојните желби на туристите, туку и да предизвика нови желби за потрошувачка која може да ја задоволи. Секоја туристичка понуда има комплексен карактер. Тоа значи дека одредена туристичка потреба може да се задоволи само доколку таа во себе содржи поголем број поединечни и разновидни добра кои меѓу себе ќе бидат синхронизирани на тој начин што ќе дадат еден туристички производ што ќе задоволи најголем дел од туристичките потреби. Од друга страна, за задоволување на разновидните потреби на туристите е потребно истовремено учество на голем број различни субјекти што ќе учествуваат во формирањето на туристичка понуда. Вака сложените односи во рамките на туристичка понуда стануваат уште посложени колку што туристичката понуда станува побогата.

## Туристичка понуда на општина Гевгелија

Сите посетители на Гевгелија велат дека една од главните карактеристики на гевгеличани е да бидат срдечни и добри домаќини. Затоа градот го нарекуваат куќа на гостопримството. Од Гевгелија секој заминува со несекојдневно доживување и исклучително драги спомени.

Гевгелија може секогаш да понуди повеќе од тоа што се очекува, затоа што гевгелиското гостопримство е топлина која извира од вековната традиција. Некогаш град крстосница низ која минувале

„Гоце Делчев" - Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип, стр. 13.

трговците од Европа, денес град домаќин на секој патник намерник отворен за идна соработка.

Според бројот на хотели, мотели, преноќевалишта, може да се каже дека во општина Гевгелија постои добра туристичка понуда со разновидна палета на сместувачки капацитети, со можности за сопствен избор на туристите, почнувајќи од категоризација на хотелите од 2 до 5 ѕвездички. Позначајни сместувачки капацитети во општина Гевгелија се: Хотел казино Аполонија, Хотел казино Фламинго, Хотел казино Рамада Плаза, Хотел Нар, Негорски Бањи и др[72].

Сите сместувачки капацитети во општината ги поседуваат основните услови за сместување на туристите. Повеќето од нив (казино-хотелите), покрај хотелските услуги, нудат и дополнителни услуги како што се ресторани и барови, ноќни клубови, велнес и спа центри и 24-часовна забава со игрите на среќа во казината (казински туризам). Од друга страна, пак, хотелите кои се дел од Негорските Бањи, сместени во многу специфична средина помеѓу богата и ретка јасенова шума, се ексклузивни поради лековитоста на минералната вода којашто извира токму во овој комплекс (бањски туризам). Исто така, овој комплекс нуди и ресторани и спортско-рекреативни терени[73][74].

Хотелите кои што во својот состав имаат и казина припаѓаат во категоријата на најлуксузните хотели, не само во Гевгелија туку и во Република Македонија. Опстојувањето на овие туристички капацитети е одржливо и профитабилно најмногу поради големиот број грчки и помалку други странски посетители, кои претставуваат потенцијална таргет-група.

[72] Проект „Вмрежување и трансфер на знаење за одржлив економски развој на туризмот - NET-TOUR".

[73] http://net-tour.floritgevgelija.eu/%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B3%D0%BE%D1%82%D0%B

[74] %D0%B5%D0%BD%D0%B0-%D0%B5-%D0%B0%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0a%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%B8%D0%B7%D0%B0-%D0%BD%D0%B0%D1%82%D1%83%D1%80%D0%B8/

**Табела 1.** Ноќевања по општини во 2015 година (000)[75]

| Ноќевања (000) | Вкупно 2015 г. | Домашни | Странски | Вкупно 2008 г. | СГСР* 20082015 |
|---|---|---|---|---|---|
| Охрид | 818 | 499 | 320 | 1.029 | -3,2% |
| Скопје | 328 | 31 | 297 | 212 | 6,4% |
| Струга | 301 | 187 | 114 | 287 | 0,7% |
| Дојран | 233 | 223 | 11 | 108 | 11,6% |
| Гевгелија | 123 | 61 | 63 | 67 | 9,1% |
| Дебар | 71 | 50 | 21 | 58 | 2,9% |
| Крушево | 59 | 48 | 11 | 63 | -0,9% |
| Струмица | 54 | 41 | 13 | 84 | -6,1% |
| Битола | 51 | 21 | 30 | 62 | -2,8% |
| Друго | 356 | 197 | 156 | 266 | 4,3% |
| Вкупно | 2.394 | 1.358 | 1.036 | 2.236 | 1% |

Според табела 1, општина Гевгелија е петта по ред од деветте најдобри општини во Р. Македонија во 2015 година кои генерираат 75 % од вкупниот број ноќевања во државата. Во 2015 година остварени се вкупно 123.000 ноќевања и споредувајќи со периодот од 2008 година па наваму, имаме вкупна годишна стапка на раст од 9,1 %. Просечниот престој на туристите траел од 1,7-2,6 дена и ноќевањата се релативно подеднакво расподелени во текот на целата година[77].

Предизвик за туристичките работници и истовремено потенцијал за економски развој претставува можноста преку продолжување на времетраењето на престојот на туристите и откривање на начини за повторно враќање на туристите и привлекување нови туристи.

**Претприемачка иницијатива како начин за збогатување на туристичката понуда на општина Гевгелија**

Основните туристички потенцијали ги чинат природните, антропогените и забавните мотиви, како и просторните елементи на

[75] ttp://www.economy.gov.mk/Upload/Documents/Kohl%20&%20Partner_Tourism%20 Strategy%20Macedonia_FINAL%20REPORT_16%2004_MK.pdf [77] Државен завод за статистика на Р. Македонија.

туристичката понуда и тие претставуваат примарен фактор за развој на туризмот на одреден простор, поточно туристички регион. Во општина Гевгелија постојат повеќе места со туристички потенцијал, од кои може да се истакнат оние кои се сместени во прекрасната природа на планината Кожуф, на патот од Гевгелија кон нејзиниот највисок врв и кои даваат можности за развој на повеќе сегменти на туристичка понуда, како што се село Конско, село Хума, локалитет Смрдлива Вода и Ски центар Кожуф. Наведените локалитети претставуваат викенд-населби со тоа што во селата Конско и Хума има и мал број на постојани жители. Местоположбата на селата Конско и Хума, во падините на планината Кожуф, близината на Конска Река, даваат предуслови за развој на руралниот туризам. За развој на овој вид туризам потребно е:

- Инфраструктурно доуредување, дополнување на уличната мрежа за осветлување, поставување на урбана опрема и паркинг простор;
- Изградба на автентични сместувачки капацитети, ресторани, продавници и сувенирница;
- Организирање на активности во природа, на пример, планинарење, лов и риболов и сл;
- Организирање на активности поврзани со традиционалните обичаи, занаети и гастрономија, автентични за овој регион.

Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода е познат по истоимената минерална вода, лековита за стомачни заболувања на желудникот, стомачниот тракт и бубрезите. Пределот на Смрдлива Вода нуди рекреација, чист воздух и посетеност во текот на целата година. Овде се изградени околу 400 викендици и одмаралиште за сместување на гости, во сопственост на општината, неколку преноќевалишта, трговски дуќани, ресторан и паркинг простор. Со одредено инфраструктурно доуредување, организирање на повеќе настани и манифестации, поголем маркетинг и реклама во чиј фокус ќе биде лековитата вода, има потенцијал за збогатување на туристичката понуда, а со тоа и привлекување на поголем број туристи.

Ски центарот Кожуф е основан во 2001 година, сѐ со цел да се развие планинско туристичко место со широк спектар на туристички понуди. Освен во зимскиот период, ски центарот Кожуф е примамлив и во останатите периоди од годината, особено за љубителите на планинскиот велосипедизам и планинарењето. Овој

ски центар е во почетната развојна фаза и треба уште многу да се доизградува за да даде комплетна туристичка понуда:

- Обезбедување на пристапен пат, поставување на заштитна мрежа за одрони по патот до ски центарот, како и негово редовно одржување во текот на целата година, особено во зимскиот период;
- Комплетно инфраструктурно уредување, осветлување, поставување водоводни и канализациони мрежи и сл.;
- Изградба на сместувачки капацитети од различни типови, места за изнајмување на ски и друга опрема, велнес и спа центри, спортски терени, хиподром;
- Отворање на ресторани, кафетерии, продавници, сувенирници, тренинг-центри за спортовите кои се нудат и друго.

**Неискористени можности за зголемување на туристичката понуда**

Како што постојат нови начини за збогатување на туристичката понуда, така постојат и неискористени можности на она што веќе сме го изградиле или она што ни го дала природата. Главни карактеристики кои се интересни за туристите и се причина за нивно доаѓање се единствените природни и археолошки локалитети, музеи, минерални бањи, спа центри, казина, ски центар, посети на планински места, спортски и културни манифестации, семинари како и многу други активности. Општо земено, локалното население, селските заедници и сопствениците на туристички објекти се слабо организирани, што значи дека како учесници во пазарот тие не можат да го искористат потенцијалот на нивните производи и услуги. Слабиот менаџмент и технички капацитет, слабата промоција и маркетинг е главното ограничување за туристичкиот развој. Преку меѓусебна соработка, организиран превоз и заедничка организација, хотелите имаат можност да им понудат разновидни еднодневни тури и екскурзии на своите гости, како на пример:

- Казино-хотелите, после 24-часовна забава во нивните капацитети, да им понудат на гостите еднодневен одмор, релаксација и спорт во Негорски Бањи и локалитетот Смрдлива Вода;

- Да организираат посети на археолошките локалитети, Музејот и други културни објекти во општина Гевгелија;
- Да организираат посета на манифестации кои се одржуваат на подрачјето на општина Гевгелија, како на пример, по повод денот на општина Гевгелија, празникот Св. Спас, Св. Трифун, Коледе, традиционалната манифестација Ѓура Мара, Смоквијада, меѓународната изложба на кучиња Гранд При Гевгелија и слично;
- Да ги искористат глобалните социјални мрежи за поголема промоција на активностите, производите и услугите што ги нудат и друго.

Геопрометната положба на општината, низ која минува најфрекфентната сообраќајница во Република Македонија, магистралниот пат Е–75 или Коридорот 10, претставуваат важен фактор посебно за развојот на транзитниот туризам. Бројот на транзитните туристи е поголем во летниот период, кога туристите поминуваат по оваа трансверзала, на пат кон Грција и Турција и обратно.

Според податоците на општина Гевгелија, покрај Гевгелија транзитираат околу шест милиони туристи кои годишно поминуваат низ граничниот премин Богородица – Евзони. Многу мал дел од нив престојуваат во хотелите и казината во близината на граничниот премин Богородица.

Овие туристи немаат можност за задоволување на основните потреби во текот на патувањето или евентуален престој бидејќи речиси не постои дефинирана туристичка понуда за овој вид туристи.

Покрај коридорот 10, може да се забележи дека покрај патот функционираат само бензински пумпи со многу скромна понуда и двата големи казино хотели со цени на производи и услуги кои не се соодветни за секој турист. Други објекти од типот на информативни пунктови, сувенирници, организирани паркинзи со ресторани, продавници, пазари, авто сервиси, тоалети, не постојат. Ваквата состојба наметнува потреба од итно и неодложно решавање на проблемот и креирање на соодветна туристичка понуда бидејќи развојот на транзитниот туризам влијае на динамиката на севкупниот развој на регионот, па и на државата. Имајќи предвид дека транзитниот туризам има потенцијал да креира високи приходи и да ја подобри економската состојба во општина Гевгелија, треба да се

пристапи со соодветна стратегија за развој на транзитниот туризам со цел искористување на природните, просторните, пазарните и комуникациските ресурси на регионот.

## Заклучок

Гевгелискиот регион е подрачје кое располага со големи потенцијали за развој на туризмот, пред сè во однос на природногеографските фактори и услови. Со познавањето на природно- географските компоненти се добиваат точни сознанија за состојбата со природните услови на Гевгелискиот регион кое нешто ни дава можност и една сигурност да влегуваме во сферата на креирањето на туристичкото стопанство врз база на постојаните природни услови (релјеф, клима, хидрографија).

Претприемачката иницијатива во развојот на туристичката понуда е содржана во сериозниот пристап во проектирање на стратегија за развој на туризмот, инвестирање во развој на современи туристичките капацитети и поттикнување на туристичката понуда. Општина Гевгелија на најразлични начини може да обезбеди институционална поддршка за поттикнување на развојот на туризмот. Соработката помеѓу субјектите кои ја креираат туристичката понуда, човечките ресурси вклучени во овој сектор со образовните институции – СОУ „Јосиф Јосифовски" и Факултетот за туризам и бизнис логистика во делот на едукација, образование, стручно усовршување и воспоставување на други најразлични облици на соработа, претставува основа за развој на современи форми на туризам. За да се усогласат сите елементи неопходна е координација на сите субјекти кои се вклучени во секторот туризам.

Со валоризацијата на туристичките вредности би се унапредил и економскиот развој на подрачјето на општината, а преку туризмот, како сложена општествено-економска активност која вклучува многу различни видови и структурни способности (економски, културни, технолошки, еколошки и др.), тоа може да се постигне. Со развојот на туризмот, со зголемената туристичка потрошувачка, истовремено би се унапредила благосостојбата на жителите на подрачјето и зачувувањето на природното и културното богатство за идните генерации.

**Користена литература:**

Котески, Цане (2011), Истражување на туристичкиот пазар, универзитет „Гоце Делчев", Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика, Штип;

Магдинчева-Шопова, Марија (2012), Општи услови и начини за започнување со претприемачка активност, Печатница Софија, Богданци;

Магдинчева-Шопова, Марија (2014), Претприемачот на XXI век, Печатница Софија, Богданци;

Методијески, Дејан (2012), Туризмот во руралните средини, Современост, Скопје;

Михајло Будиноски (2006), Туризмологија, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, Факултет за туризам, Скопје;

Сретен Миладиноски (2006), Економика на туризмот, Универзитет за туризам и менаџмент, Скопје, Факултет за туризам, Скопје.

**Интернет извори:**

http://net-tour.florit-gevgelija.eu http://www.economy.gov.mk
http://gevgelija.gov.mk/index.php?lang=mk
http://www.gevgelija-tourism.com/